# З А П И С Н И К

Од третата седница на Советот на општина Брвеница, одржана на 27.01.2022 година, (четврток) со почеток во 13.00 часот во просториите на општина Брвеница

**Присутни:** 13 советници и претставници од администрацијата,

**Отсатни:** Лирије Меди и Светлана Стаматовска оправдано отсатни.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот Бујамин Рушити, кој констатира дека од бројот на присутните советници има кворум за полноважно одлучување.

За работа на седницата се предложи следниот дневен ред

## Дневен ред

1.Разгледување и усвојување на записникот од третата седница на Советот на општина Брвеница.
2.Разгледување и усвојување на Предлог-Програмата за работа на Советот.
3.Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Советот на општина Брвеница.
4.Разгледување на Правилникот за работен ред и дисциплина и етички кодекс на однесување на вработените во општина Брвеница.
5.Разгледување на Правилникот за начин на користење и одржување на службените возила и работните машини сопственост на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.
6.Разгледување на Правилникот за користење на средствата за репрезентација на општина Брвеница и ОЈП „Вардар„ - Брвеница.
7.Предлог-Одлука за формирање на Комисија која ќе работи до формирање на Управниот одбор на ОЈП Вардар.
8.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на плати на административните службеници за 2022 година.
9.Разгледување на Извештајот за стекнатите долгови до 15.11.2021 година за општина Брвеница.
10.Извештај од извршената Внатрешна ревизија на работењето на ОЈП-Вардар, Брвеница за период од 01.01. 2020 до 31.12.2020 година.
11.Предлог-Одлука за еднократна парична помош за набавка на училишен прибор на семејства со прваче во ОУ на подрачјето на општина Брвеница, јануари 2022.
12.Предлог-Одлука за задолжување со службено моторно возило.
13.Предлог-Одлука за еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачјето на општина Брвеница.
14.Барање финансиска помош по однос опожарена куќа сопственост на Ратко Бошкоски од с.Радиовце.
15. Барање на финансиска помош за нега од Виолета Стрезовска.

16.Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2022 година.
17.Разгледување и усвојување на Предлог-Програма за заштита на здравјето на населението од заразни болести во 2022 година.
18.Предлог-Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница за 2022 година.
19.Предлог-Одлука за утврдување на потреба за поставување на урбана опрема и за условите, начинот и постапката за издавање на одобррение за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Брвеница.
20.Барање за одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на УП за изградба на регионално прифатилоште за бездомни кучиња во ППР на КО Стенче, општина Брвеница.
21.Барање за ослободување од наплата за улично осветлување од БАЛ- КОМ ДООЕЛ, општина Брвеница.
22.Предлог-Одлука за организирање на ,,Фестивал на јаболко,, , ,,Фестивал за иселениците,, , ,,Меморијален турнир во фудбал во општина Брвеница,, , ,,Волковски средби,,.
23.Информација за започнување на водење на Регистар согласно Закон за угостителска дејност.
24.Финансиски извештаи за Локалните избори -2021 година, доставени од ,,Група избирачи – независен кандидат за о.Брвеница,, Енвер Пајазити, Коалиција ,,Најдоброто за мојата општина,, , Беса, Левица и ВМРО-ДПМНЕ.

Претседателот на Советот на почетокот ги поздрави присутните и кажа, имаме информации дека некои од точките не поминаа на седниците на комисиите поради тоа што немаат превод на албански јазик, давам збор на Претседателите на комисиите од кои се иземени точките да ги прочитаат истите.

За збор се јави Абеб Нухии и кажа, се повлекуваат точките 4, 5, 6 од Комисијата за Статут и Прописи, точката 12 од Комисијата за финансии и точките 18, 19 и 21 од Комисијата за урбанизам.

Од правната служба беше објаснето дека точките кои ќе се повлечат од дневниот ред треба да се гласаат поединечно.

Претседателот на Совет кажа, ќе постапиме како што ни посочи правната служба и ќе ги гласаме точките поединечно и истите ќе ги префрлиме за наредната седница кога ќе имаме преведен материјал и на албански јазик.

Претседателот на Советот четвртата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот петтата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот шестата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот дванаесеттата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот осумнаесеттата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот деветнаесеттата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Претседателот на Советот дваесет и првата точка од дневниот ред ја стави на гласање за повлекување и истата беше едногласно прифатена со 13 гласа за од присутните 13 советници.

Бидејќи никој друг не се јави за збор , Претседателот на Советот, дневниот ред со повлечените точки, го стави на гласање и истиот беше едногласно прифатен од присутните 13 советници.

**I**

По однос на првата точка од дневниот ред **„Разгледување и усвојување на записникот од третата седница на Советот на општина Брвеница,,** Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Записникот од третата седница на Советот на општина Брвеница,,** ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 13 советници.

**II**

По однос втората точка на дневниот ред **„Разгледување и усвојување на Предлог-Програмата за работа на Советот,,** , Претседателот na Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи да даде извештај по однос оддржаната седница.

Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи кажа, Комисијата за Статут и Прописи ја одржа првата седница, на седницата беа присутни сите членови на комисијата, материјал сме имале сите, на седницата по точките ни образлагаше од правната служба и доколку има потреба повторно ќе објаснат и на оваа седница на Совет.

Претседателот на Советот збор и даде на правната служба да образложи.

Од правната служба кажа, оваа Програма се носи секоја година и вообичаено во овој период, тука се забележани надлежностите на општината и сите работи кои се предвидени да се реализираат.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Програмата за работа на Советот,,** ја стави на гласање и истата беше едногласно усвоена од присутните 13 советници.

**III**

По однос третата точка на дневниот ред **„Разгледување и усвојување на Извештај за работа на Советот на општина Брвеница,,** Претседателот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи.

Претседателот на Комисијата за Статут и Прописи кажа, исто така и оваа точка ја разгледавме на седницата, едногласно ја прифативме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот, збор и даде на правната служба.

Од правната служба кажа, во врска со оваа точка се разгледува и усвојува Извештајот од работата на Советот, односно извештајот ги содржи сите акти, односно, одлуки, решенија и заклучоци кои Советот ги донесе минатата година.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Извештај за работа на Советот на општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата едногласно беше прифатена од присутните 13 советници.

**IV**

По однос четвртата точка на дневниот ред **„Предлог-Одлука за формирање на Комисија која ќе работи до формирање на Управниот одбор на ОЈП Вардар„** Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека за оваа точка нема комисија и оди директно на Совет.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Абеб Нухии зеде збор и кажа, во минатиот мандат јас бев Претседател на оваа комисија. Во минатиот мандат а и претходно при формирање на оваа комисија имаше иста практика со формирањето на училишните одбори, односно иститe се формираа со членови од редот на советници. Но овој мандат кога се предлагаа членови на училишните одбори вие ни сугериравте членовите да не се од редот на советниците. Оваа комисија постои откако е формирано ОЈП и добро е да се придржуваме кон законот и според тоа членовите да бидат од надвор односно предлози од граѓаните на нашата општина.

Од правната служба кажа, јас предлагам комисијата да се формира денес бидејќи за следната седница имаме акти од ОЈП кои мора да поминат преку Советот.

Градоначалникот се надоврза и кажа, точно така, вие претходно не сте формирале Управен одбор, сте работеле како комисија и не сте биле стручни за таа работа. Ние сега не можеме да функционираме без оваа комисија поради тековните работи од ОЈП додека не се формира Управниот одбор. Но кога ќе се создадат услови за тоа, сепак што поскоро, ние треба да формираме Управен одбор каде ќе дојдат соодветни и стручни лица кои ќе вршат контрола над финансиско-материјалното работењето на ОЈП и над целокупната работа.

Претседателот на Советот кажа, секако ние сме тие кои треба да придонесеме за работата на ОЈП и секако ќе формираме Времена комисија. Предлагам да одиме со предлози за членови на комисијата.

Бујамин Рушити го предложи **Абеб Нухии** .

Злате Китановски ја предлага **Светлана Стаматовска**,

Алихасан Идризи  го предлага **Емин Мехдији**.

Дончо Симјаноски  го предлага **Мирослав Даиловски.**

Адем Јашари го предлага **Адем Јетмир Јашари**.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот ги прочита предложените членови на Времената комисија и точката **„Одлука за формирање на Комисија која ќе работи до формирање на Управниот одбор на ОЈП Вардар„** ја стави на гласање и истата едногласно е прифатена од страна на присутните 13 советници.

**V**

По петтата точка од дневниот ред на **„Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на плати на административните службеници за 2022 годин„** Претседателот на Советот ја прочита истата и кажа дека  оваа одлука доаѓа од некоја од седниците на  Владата каде се утврдува бодот за плати на административните службеници. Претседателот на Советот збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, комисијата едногласно ја прифати и оваа точка, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлуката за утврдување на бодот за пресметување на плати на административните службеници за 2022 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно изгласана од 13 присутни советници .

**VI**

По однос шестата точка од дневниот ред **„Разгледување на Извештајот за стекнатите долгови до 15.11.2021 година за општина Брвеница**„ Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, ние на комисијата ја разгледавме точката, се работи за еден Извештај за долг кој е направен до преземањето на функцијата Градоначалник на општината од страна на Јовица Илиевски.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот по финансии од општинската администрација.

Соодветниот од општината кажа, како што претходно кажа Претседателот на Комисијата за финансии, ова е само еден Извештај за долг до кога е направено примопредавањето на претходниот градоначалник Енвер Пајазити и новиот градоначалник Јовица Илиевски. Поточно, се работи за 87.225.690 денари, тоа е состојбата која новиот Градоначалник Јовица Илиевски ја затекна на примопредавањето на функцијата Градоначалник.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Адем Јетмир Јашари зеде збор и кажа, и на седницата на Комисијата за финансии ја добивме оваа информација и можам да кажам дека благодарни сме што се запознавме со оваа состојба на општината до времето на примопредавањето на функцијата но добро е и граѓаните да се запознаат со оваа информација, односно со состојбата на општината во однос на нејзините долгови и најдобро е оваа информација за долгот да се стави и на веб страната на општината.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, Петседателот на Советот точката **„Извештајот за стекнатите долгови до 15.11.2021 година за општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 13 присутни советници.

**VII**

По однос седмата точка на дневен ред **„Извештај од извршената Внатрешна ревизија на работењето на ОЈП-Вардар, Брвеница за период од 01.01. 2020 до 31.12.2020 година„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор и даде на соодветнатаа од општината да образложи.

Соодветната од општината кажа, почитуван Градоначалник, советници и администрација, за 2021 година се предвиде да се направи ревизија за ОЈП и истото беше прифатено од страна на Градоначалникот и од Министерството за внатрешна ревизија. Денес Извештајот ќе биде интерпретиран и истиот ќе биде доставен до Агенцијата за државна ревизија. Целта на ревизијата е да и се овозможи на институцијата да се обезбеди чист преглед за работењето на ОЈП. Ова претпријатие е тесно поврзано со граѓаните и на нив им следува да имаат точни информации за водоводот и канализацијата. Во однос на финансискиот извештај ревизорот изрази негативно мислење. Во финансискиот извештај се покажува од уписот на сопственоста на претпријатието, инвентарот, финансискиот надомест, преземените обврски и непотполност и неточност на реализираните приходи.

Во ЈП се направени овие проценки, при проценка на контролата на приходите и прибирање на таксите и незавршените процеси, се констатира постоење на причини кои може да имаат негативни последици. Соодветната од општината продолжи да чита делови од Ревизорскиот Извештај

Претседателот на Советот се заблагодари на соодветната од општината за образлагањето по однос Ревизорскиот извештај и кажа, вашите насоки од страна на соодветните структури да се почитуваат и овој Извештај ќе го имаме во писмена форма за да ги запознаеме и граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бдејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Внатрешна ревизија на работењето на ОЈП-Вардар, Брвеница за период од 01.01. 2020 до 31.12.2020 година„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**VIII**

По однос на осмата точка на дневен ред **„Предлог-Одлука за еднократна парична помош за набавка на училишен прибор на семејства со прваче во ОУ на подрачјето на општина Брвеница„** Претседателот на Советот ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии да образложи по однос точка.

Претседателот на Комисијата за финасии кажа, по однос на оваа точка, добивме информација дека се работи за пакет на училишен прибор, никакви посебни барања нема по однос на добивање на истиот туку секое прваче првиот училишен ден со истиот извод кој им го бара училиштето ќе го добијат овој пакет. Ние точката едногласно ја прифативме, бараме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот збор му даде на Секретарот на општината да образложи по однос точката.

Секретарот кажа, од анализата која ја имавме спроведено, имаме бројка од околу 150 првачиња и за таа бројка ќе се спреми школски прибор и како што претходно кажав на седницата на комисијата, акцентот беше ставен на првачињата. Постапката нема да биде обременета, родителите кои што се со живеалиште во општина Брвеница само ќе потполнат формулари првиот училишен ден.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за еднократна парична помош за набавка на училишен прибор на семејства со прваче во ОУ на подрачјето на општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на 13 присутните советници.

**IX**

По однос деветата точка од дневниот ред **„Предлог-Одлука за еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачјето на општина Брвеница„** ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, на седницата на комисијата се дискутираше и по оваа точка, добивме информација дека на секое новороденче општината ќе додели по 2.000 денари. Ние оваа точка едногласно ја прифатиме, предлагаме и вие да ја прифатите.

Претседателот на Советот отвори расправа.

За збор се јави Адем Ј. Јашари и кажа, како што објасни и Претседателот на комисијата и јас ја поздравувам оваа иницијатива на општината но според мене оваа сума на финансиски средства е многу мала. Мислам дека сумата треба да биде повисока и посоодветна бидејќи можеби некој нема средства ни картичка да отвори. Како што претходно кажав, искрено ова е за поздравување но лично сметам доколку може оваа сума да се зголеми.

Претседателот на Советот отвори расправа и кажа, сите имаме желби но сме во фаза кога општината ги има своите проблеми, можеби ќе има средства во иднина за зголемување на оваа сума. Можеби ќе има многу повеќе новороденчиња и затоа не можеме да утврдиме поголема сума на финансиски средства.

Адем Ј. Јашари повторно зеде збор и се надоврза, уште нешто, би сакал да прашам од кога ќе важи оваа одлука.

Секретарот се надоврза и одговори, по член 6 од Законот за заштита на децата, оваа Одлука влегува во сила откако ќе се објави во Службен гласник од 01.01.2022 година и само да надополнам, еднократната парична помош што ја дава државата е 5.000 денара и како што кажа и Претседателот доволна е сумата во споредба со ова што го дава државата, пионерски потфат е и се надеваме дека граѓаните ќе бидат задоволни.

Претседателот на Советот кажа, ако имаме 140 новороденчиња ќе се плаќа за 140 и ќе се плаќа од 01.01.2022 година и доколку се зголемат можностите на општината согласно можностите ќе се зголеми и сумата.

Адем Ј. Јашари повторно зеде збор и нагласи, јас на почетокот кажав, како советник јас реков ако постои можност тогаш да се зголеми сумата , јас секако ќе ја гласам оваа Одлука, но доколку постои можност некој буџет да повлечеме од некоја организација или фондација.

Бидејќи никој друг не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за еднократана парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачјето на општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**X**

По однос десетата точка од дневниот ред **„Барање финансиска помош по однос опожарена куќа сопственост на Ратко Бошкоски од с.Радиовце„** ја прочита истата, збор му даде на Претседателот на Комисијата за финансии и кажа, и за оваа точка запознати сте од материјалите

кои ги добивме, ние во буџетот имаме предвидувања и за овој вид на трошоци и секогаш сме давале во рамките на  можностите на општината за која висина на  средства поточно одлучува Градоначалникот.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, заклучокот беше дека едногласно ја прифаќаме оваа точка и тоа дека за висината на средствата одлучува Градоначалникот по можностите на општината, ова било и претходна практика.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката „Финансиска помош по однос опожарена куќа сопственост на Ратко Бошкоски од с.Радиовце„  ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**XI**

По однос единаесетата точка од дневниот ред  **„Барање на финансиска помош за  нега од Виолета Стрезовска„**  ја прочита истата  и кажа, и за оваа точка се расправаше на Комисијата за финансии, му давам збор на Претседателот на истата.

Претседателот на Комисијата за финансии кажа, ние во комисијата едногласно ја прифативме и оваа точка, и за висината на средствата за финансиска помош важи исто како за претходната точка.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката  **„Финансиска помош за нега од Виолета Стрезовска„**  ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

**XII**

По однос дванаесетата точка од дневниот ред   **„Разгледување и усвојување на Предлог-Одлуката за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2022 година „**  ја прочита истата  и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, ние како комисија по однос Програмата едногласно ја прифативме, но имавме еден предлог, Урбанистичките планови зависно од типот на градбата од физички лица, ќе се согласите можеби, ние како општина треба да ги изготвуваме иако не се предвидени средства во Буџетот. Луѓето кои градат куќи да имаат можност да ги платат комуналиите,  така би било и од корист за општината. Конкретно во Милетино изградени се на диво петнаесетина куќи вон градежен реон, добро би било ние како општина да можеме да го урбанизираме местото, се надевам дека во иднина ќе биде реализирано, значи ние како комисија гласавме а како забелешка и  сугестија беше ова.

Претседателот на Советот збор му даде на соодветниот од општината.

Соодевтниот од општината кажа, што се однесува до точката значи оваа Програма се носи секоја година. Основата е Законот за урбанистичко планирање и согласно карактеристиките на оваа рурална општина има три врсти на планови:

-План за село,
-План вон населено место и
-Урбанистички план.

Плановите за нашите 10 населени места се релативно нови и донесени се 2015 година и тоа значи дека се предвидени сите планови за село и сите села имаат урбанистички планови а има и планови вон населено место како и урбанистички планови. Општината раководи со донесување на планови вон село и вон населено место, физичките лица можат да иницираат за донесување на планови вон населено место и изготвување планови вон населено место. Ако нарачателот е физичко лице мора да има доказ за сопственост а општината немора да има доказ, сите села се опфатени и граѓаните имаат ист третман, затоа предлагам да се усвои оваа Програма бидејќи без оваа програма не може да се изготви урбанистички план. И уште нешто, во материјалот кој го имавте има една техничка грешка во преводот, не постои термин ,,се наредува,, туку ,,се нарачува,,.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **,,Одлуката за изработка на урбанистички планови на општина Брвеница за 2022 година,,** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 13 советници.

Од страна на советниците беше побарана пауза од 5 минути.

**П А У З А**

**XIII**

По однос тринаесетата точка од дневниот ред **,,Разгледување и усвојување на Предлог-Програма за заштита на здравјето на населението од заразни болести во 2022 година,,** ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, на комисијата за урбанизам едногласно ја прифативме Програмата. Во Програмата имаше 5 мерки за кои повеќе ќе ни образложи соодветниот од општината.

Соодветниот од општината зеде збор и кажа, Програмата за денешниот дневен ред има за цел заштита на населението од заразни болести, во Програмата исто така има општи мерки за заштита на населението, има и 5 мерки на Локалната самоуправа кои влијаат за зачувување на здравјето на населението.

Во врска со водоводната мрежа и водоводот, освен во две населени места Гургурница и Долни Челопек ОЈП на перманентен начин ја врши контролата на водата, за хлоризација и друго, ОЈП има потпишано договор со ЦЈЗ еднаш месечно да врши контрола на водата, изготвениот Извештај го доставува до ОЈП и до општината.

Во врска со црни и отпадни води, за постигнување на оваа цел општината ќе се труди да ја прошириме канализационата мрежа и таму каде што нема да се постави. А што се однесува до цврстиот отпад и чистењето на депониите ќе се продолжи како и до сега, со приоритет.

За дезинфекција, дезинсекција и дератизација ЦЈЗ секоја година изготвува Акционен план согласно со кој се врши прскање против комарци за заштита од заразни болести. Согласно Акцискиот план прскањето се врши три пати годишно, еднаш во април и два пати во летниот период, и оваа година тоа ќе го врши ЦЈЗ.

Создавање на услови за хигиена на Јавните установи, училишта и градинки се врши со раководителите на училиштата. Одржување на хигиена и чистење, прегледи и вакцини од претставници на Јавното здравје.

Промотивни активности за подобрување на јавното здравје на населението, ќе се организираат едукативни кампањи. Ќе се организираат едукативни кампањи каде ќе има предавачи по темите. Општина Брвеница е во континуитет на комуникација со ветеринарните станици и со сите други органи со цел мониторирање на проблемите и потребите и целокупната работа.

Претседателот на Комисијата за урбанизам зеде збор и кажа, и на комисијата споменувавме како превентива општината треба да презема активности во врска со фрлањето на сметот на забранети места, во Милетино кај мостот коритото е стеснато и мостот е во опасност ставен. Јавно ги молам граѓаните да не фрлаат отпад во Вардар и на јавни места, имаме и концесионер за отпадот, пополека ги средуваме работите.

Претседателот на Советот кажа, исто така ние имаме забелешка во врска со цврстиот отпад, имаме и фирма која врши рециклирање на истиот. Се надевам дека и концесионерот ќе биде дел од ова и еднаш месечно ќе го носи цврстиот отпад, исто така се надевам и дека ќе се подигне јавната свест кај граѓаните.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Програма за заштита на здравјето на населението од заразни болести во 2022 година,,** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XIV**

По однос четрнаесетата точка од дневниот ред **„Барање за одобрување на Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на УП за изградба на регионално**

**прифатилиште за бездомни кучиња во ППР на КО Стенче, општина Брвеница„** ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за урбанизам.

Претседателот на Комисијата за урбанизам кажа, едногласно бевме против ова барање, причините се реакции од граѓаните, не може да има прифатилиште за кучиња бидејќи истите не можат да се контролираат и ќе се создаваат проблеми. Затоа сите во комисијата гласавме против.

Градоначалникот се надоврза и кажа, се согласувам со комисијата, проблеми ќе имам, прифатилиштето ќе биде регионално, да се однесуваше само за нашата општина тогаш во ред, но не можеме да се справиме со куќињата од целиот Полошки регион. Одобрувањето било потпишано претходно, има одобрение но и јас не се согласувам со претходново и од Советот е исправна Одлуката.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Проектна програма за Урбанистички проект вон опфат на УП за изградба на регионално прифатилоште за бездомни кучиња во ППР на КО Стенче, општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата не се прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XV**

По однос петнаесетата точка од дневниот ред **„Предлог-Одлука за организирање на „Фестивал на јаболко„ , „Фестивал за иселениците„ , „Меморијален турнир во фудбал во општина Брвеница „ , „Волковски средби„** , ја прочита истата и збор му даде на Претседателот на Комисијата за општествени дејности.

Претседателот на Комисијата кажа, по однос оваа точка во комисијата Одлуката беше дополнета со уште еден фестивал „Гургурница„ 2022 година и членовите на Советот едногласно ја изгласаа истата.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Одлука за организирање на „Фестивал на јаболко„ , „Фестивал за иселениците„ , „Меморијален турнир во фудбал„ и Гургурница 2022 г. во општина Брвеница„** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

**XVI**

По однос шеснаесеттата точка од дневниот ред **„Информација за започнување на водење на Регистар согласно Закон за угостителска дејност„** ја прочита истата и збор му даде на Секретарот на општината.

Секретарот кажа, согласно Законот за угостителски дејности во општината пристигна барање за категоризација на соби што е надлежност на Градоначалникот и сега ние треба да започнеме постапка за утврдување на Минимално технички услови за дејност од помал обем. Од тие причини се информира Советот дека Градоначалнокот ќе формира Комисија за категоризација за угостителска дејност од помал обем. Пластично ќе објасниме, сите кои издаваат соби ќе се категоризираат, до сега тоа не се спроведувало но сега имаме барање од лице од с.Стенче и истото е во интерес на општината.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Започнување на водење на Регистар согласно Закон за угостителска дејност„** ја стави на гласање и истата беше прифатена од страна на присутните 13 советници ЗА и 1 Возджан..

**XVII**

По однос седумнаесеттата точка од дневниот ред **„Финансиски извештаи за Локалните избори -2021 година, доставени од „Група избирачи – независен кандидат за о.Брвеница„ Енвер Пајазити, Коалиција „Најдоброто за мојата општина„ , Беса, Левица и ВМРО-ДПМНЕ„** ја прочита истата и збор му даде на соодветната од опшштината.

Соодветната од општината кажа, согласно Избирачкиот закон сите политички партии доставуваат Извештај , значи дека политичките партии постапуваат по закон.

Претседателот на Советот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор Претседателот на Советот точката **„Извештаи за Локалните избори -2021 година, доставени од „Група избирачи – независен кандидат за о.Брвеница„ Енвер Пајазити, Коалиција „Најдоброто за мојата општина„ , Беса, Левица и ВМРО-ДПМНЕ „** ја стави на гласање и истата беше едногласно прифатена од страна на присутните 14 советници.

По исцрпување на точките на дневниот ред заврши и третата седница на Советот на општина Брвеница.

**Записничар**

Наташа Стојческа

**Претседател на Совет на општина Брвеница**

**Бујамин Рушити**

**Бр.08- 103/2**
**27.01.2022 год.**
**Брвеница**